Co-funded by the European Union

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник
Бр. 10-548
28 05 2026 год
ВИНИЦА

ЈАВЕН ПОВИК / БАРАЊЕ ЗА ПОНУДИ

Предмет: Изработка на Елаборат за поставување на урбана опрема и содржини во Градскиот парк во Виница, КП бр. 8382, во рамки на проектот URBACT Pioneers Accelerator, Договор бр. 10-796/3 од 08.08.2025 година

1. Вовед и цел на проектот

Целта на овој повик е ангажирање на правно лице за изработка на Елаборат за поставување на урбана опрема во Градски парк Виница КП бр. 8382

Оваа активност се реализира од страна на Општина Виница, во рамките на проектот URBACT Pioneers Accelerator, Договор бр. 10-796/3 од 08.08.2025 година во чиј фокус е развој на одржливи, инклузивни и партиципативни урбани решенија. Зоната во паркот е замислена како мултифункционален простор кој поттикнува кај заедница, креативност, социјализација и сетилна стимулација кај сите генерации.

Основен водечки принцип при проектирањето, согласно заложбите на Општина Виница, мора да биде максималното користење на природни, одржливи материјали (обработено дрво, палисади, природен камен, коноп и сл.), кои визуелно и еколошки целосно ќе се вклопат во парковското окружување, елиминирајќи ја употребата на вештачки материјали како пластика и метал секаде каде што е тоа изводливо (во зависност од потребата заради сигурност може да содржи метална конструкција).

2. Опсег на работа и технички спецификации

Елаборатот за поставување на урбана опрема во Градски парк Виница КП бр. 8382 треба да содржи детално текстуално (технички опис) и графичко решение (микролокациски приказ), ажурирана геодетска подлога (доколку е потребно), статичка пресметка (доколку е потребно за карактерот на инвестицијата), предмер и предмер-пресметка за вредноста на инвестицијата.

За утврдување на потребната урбана опрема за поставување, елементите е потребно примарно да бидат изработени од масивно природно дрво (на пр. багрем, даб или костен) заштитено со еколошки, нетоксични премази за заштита од инсекти, влага, сонце и механичка издржливост.

Минимум предвидени урбани елементи за проектирање со цел поставување во Градски парк Виница КП бр. 8382, се:

- Мала сцена (мини-платформа): Наменета за културни настани, детски претстави, едукација на отворено и собири. Треба да биде паметно интегрирана во теренот, со подна конструкција изработена целосно од дрво или во комбинација со друг издржлив материјал, метална конструкција и предвидено соодветно уземјување. Капацитет на малата сцена за 20 корисници.
- Клупи околу дрвја (кружни / полукружни клупи): Еколошко решение од дрвени талпи кое го користи природниот лад на постојните дрвја, со конструкција која целосно го зачувува нивниот корен систем и стебло.
- Сензорен sид (Инклузивна патека/sид за сетилна стимулација): Елемент наменет за развој на моториката, изработен со рамка од природно дрво и полиња исполнети со различни природни текстури (облутаци, кора од дрво, дрвени дискови, песок, коноп, шишарки).
- Коси дрвени столбови за искачување и баланс: Вертикално-коси масивни дрвени трупци со направени засеци (скалила), кои служат за детска игра, качување, развој на рамнотежа и моторни вештини.
- Мали дрвени трупчиња (за седење и баланс): Природни вертикални елементи од кружно дрво со различна висина, распоредени во низа за детска игра, скокање или алтернативно седење.
- Дрвена даска за одење (баланс патека): Ниска патека од долга дрвена греда, наменета за вежби за рамнотежа кај најмладите.
- Пинг понг маса (бетон)

3. Содржина на Елаборатот

Изработениот Елаборат задолжително мора да ги содржи следните делови:

1. Текстуален дел: * Општи податоци за локацијата во Градскиот парк во Виница.
    - Технички опис на секој од предвидените елементи со детална спецификација на видот на природниот материјал и начинот на негова обработка и монтажа.
    - Мерки за заштита на животната средина, постојното зеленило и еколошка заштита на дрвото од надворешни влијанија (нетоксични лакови и масла).
    - Стандарди за безбедност согласно нормативите за детски игралишта и јавни простори (заоблени рабови, стабилност).

2. Графички дел:
    - Ситуационен план (микролокација) во соодветен размер со точна позиција на секој елемент во рамките на паркот.
    - Основа, изгледи, карактеристични пресеци и 3Д визуелизација (рендери) или детални скици кои ја прикажуваат текстурата на природните материјали.
3. Предмер-пресметка:
    - Детален опис на количините на природни материјали и процена на трошоците за изработка и монтажа поединечно за секој елемент (цените дадени со и без ддв)

Елеборатот за поставување на урбана опрема и содржини во Градскиот парк во Виница, КП бр. 8382, во рамки на проектот URBACT Pioneers Accelerator, Договор бр. 10-796/3 од 08.08.2025 година треба да се испорача, достави до Општина Виница во 3 (три) печатени верзии и 1 (една) електронска веризија.

4. Критериуми за избор на понудувач

Пристигнатите понуди ќе се вреднуваат врз основа на:

- Финансиска понуда со вклучен ДДВ (цена за изработка на елаборатот).
- Рок на изработка (не подолг од 15 дена од потпишување на договорот).
- Портфолио/Референтна листа со акцент на проекти изработени со природни материјали (одржлива архитектура, природни игралишта, парковско уредување) и/или искуство со меѓународни/европски проекти .

5. Начин и рок за аплицирање

Заинтересираните фирми треба да ги достават своите понуди најдоцна до 05.06.2026 година,15.30 часот, до архивата на Општина Виница или по пошта на адреса ул.Бел Камен бр.13 , 2310 Виница

- Контакт за прашања и увид на терен:
  Луиза Алексова
  Е-маил /aleksovaluiza@gmail.com
  Телефон 078 496 637

Општина Виница
Градоначалник
Митко Костадиновски